**Исплатен уште еден корисник на средства од ИПАРД програмата по четвртиот Јавен повик (02/2011)**

По успешна реализација на одобрената инвестиција уште еден корисник кој потпиша договор со Агенцијата за користење на средства од ИПАРД Програмата по Јавен повик 02/2011 доби средства од ЕУ фондовите наменети за рурален развој.



Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој исплати 4.133.307,50 денари на корисникот ДПТУ Екоинвест од Скопје. Од вкупно исплатените средства, 3.099.980,50 денари се средства од буџетот на ЕУ и 1.033.327,00 денари се средства од буџетот на РМ. Средствата се наменети за инвестиции за набавка на опрема за подобрување и модернизирање на откупни центри за овошје и зеленчук.